# Домашно насилство –

# Насилство во врски

Информации • Видови помош • Адреси

Runder Tisch
Häusliche Gewalt
Kreis Steinfurt



next
before

## Предговор

На 01.02.2018 година во Германија стапи во сила Истанбулската конвенција за заштита од насилство насочено против жени, и борба против него. Со овој акт Германија се обврзува на сеопфатни мерки за превенција на насилство против жени и домашно насилство и борба против истото од една страна, како и на заштита на жртвите и за казнување на сторителите од друга страна.

Секоја година во округот Штајнфурт кај полицијата се пријавуваат голем број случаеви на домашно насилство.
Во округот Штајнфурт уште на 08. јули 2003 година се оформи Runder Tisch Häusliche Gewalt (Округлата маса за прашања во врска со домашно насилство), под покровителство на Покраинскиот совет.

Целите на Runder Tisch Häusliche Gewalt се следните:
• осуда на домашното насилство
• забележително подобрување на заштитата и на помошта за жртвите
• редуцирање на случаевите на домашно насилство со помош на превенција

Оваа брошура е изработена заради тоа што жените се надпросечно засегнати од домашно насилство. Заради тоа во прва линија обраќањето е насочено кон жените како засегнати лица.

Секако дека изложувањата се однесуваат и на сите други лица кои што се засегнати од домашно насилство или на кои домашното насилство им се заканува.

## Издавач:

Лице за контакт: Овластено лице на Округот Бригите Кумпман (Brigitte Kumpmann),
понатамошни лица за контакт ќе најдете на вебстраницата:
www.kreis-Штајнфурт.de/häuslichegewalt

финансирано од
Ministerium für Kinder, Jugend, Familie, Gleichstellung, Flucht und Integration des Landes Nordrhein-Westfalen

Состојба: декември 2022 година

Под покровителство на Покраинскиот совет
на Округот Steinfurt

KREIS STEINFURT

# Содржина

До жените . . . . . . . . . . 4

Што е „Домашно насилство“? . . . . . . . . . . 5

Какви форми на домашно насилство постојат? . . . . . . . . . . 6

Акутно домашно насилство – како да се постапи? . . . . . . . . . . 7

Наредба за напуштање на станот (Wohnungsverweisung) . . . . . . . . . . 8

Забрана за враќање во станот (Rückkehrverbot) . . . . . . . . . . 8

Проверка на придржувањето кон забраната за враќање . . . . . . . . . . 9

Други можно полициски мерки на спречување на опасноста . . . . . . . . . . 9

Како понатаму? . . . . . . . . . . 10

Какви судски можности за заштита постојат? . . . . . . . . . . 11

Судски наредби за заштита . . . . . . . . . . 11

Препуштање на заеднички користениот стан . . . . . . . . . . 12

Времетраење на препуштањето на станот . . . . . . . . . . 12

Надокнада на штета и оштета за претрпена болка . . . . . . . . . . 13

Старателство, право за одредување на престојот, право на контакт . . . . . 13

Отселување од станот – каде може да се оди? . . . . . . . . . . 14

Какви понуди за помош постојат за жени? . . . . . . . . . . 15

Телефон за помош . . . . . . . . . . 15

Советувалиште за жени . . . . . . . . . . 16

Понатамошни понуди за подршка . . . . . . . . . . 17

Какви видови помош има за деца? . . . . . . . . . . 18

Какви видови помош има за момчиња и за мажи? . . . . . . . . . . 19

Безбедноста има приоритет – што треба да се направи? . . . . . . . . . . 20

Отселување од станот – што е потребно?. . . . . . . . . . 21

Какви видови финансиска помош постојат? . . . . . . . . . . 22

Парична помош според Социјалниот законик II (SGB II) . . . . . . . . . . 22

Парична помош според Законот за авансни плаќања за издршка
(UVG = Unterhaltsvorschussgesetz) . . . . . . . . . . 23

Парична помош според Законот за надокнада на штета за жртви на насилство
(OEG = Opferentschädigungsgesetz) . . . . . . . . . . 23

Адреси и телефонски броеви . . . . . . . . . . 24-27

# До жените

Драги жени,

во Германија можете да живеете во слобода. Како жени ги поседувате еднаквите права како и мажите. Вашето мислење вреди исто колку што вреди и мислењето на еден маж, или мислењето на Вашето семејство. Вие самите можете да одлучувате, на каков начин сакате да живеете. Вие (и вашите деца) имате право на живот без насилство.

**Што значи тоа?**

Дека вие смеете самите да одлучувате за сé. Никого не морате да прашувате за дозвола. На пример можете да одлучувате за следново:

- Вие одлучувате каде сакате да живеете и на каков начин. Вие на пример можете да живеете сами или заедно со жени или мажи. Не морате да сте во брак, ако сакате да живеете со некое друго лице.
- Вие одлучувате дали сакате да сте во врска, да се мажите или разделите или разведете. Вие самите смеете да одлучувате за кого ќе се мажите. Можете да стапите во брак и со друга жена.
- Вие одлучувате дали ќе бакнете или ќе имате секс со друго лице. Вие исто така самит одлучувате дали сакате да го повторувате тоа. Ова важи и за во случај ако сте во брак.
- Вие одлучувате дали сакате да имате деца и колку деца сакате да имате. Овде спаѓа и тоа дали сакате да се заштитите од несакана бременост и на кој начин, и исто така и дали сакате да ја прекинете бременоста.
- Вие одлучувате кога можете да ја напуштите куќата / станот, каде ќе одите и со кого сакате да се видите.
- Вие одлучувате дали сакате да отворите ваше лично конто кај некоја банка, што ќе правите со парите, колку пари ќе трошите и за што ќе ги трошите.
- Вие одлучувате која професија сакате да ја изучите и на какви работни места ќе работите. Овде спаѓа и тоа дали сакате да се обучите за некоја професија или сакате да студирате.
- Вие одлучувате дали сакате да сте политички активни, за која партија сакате да гласате и за кои лица.
- Вие одлучувате како ќе ги воспитувате вашите деца. Меѓутоа: имате должност да ги штитите вашите деца од насилство! Деца во Германија НЕ СМЕАТ да бидат тепани, клоцани или на друг начин повредувани! Такво нешто е противзаконски!

# Што е „Домашно насилство“?

## Домашно насилство

Домашното насилство го опфаќа насилството кое се случува помеѓу луѓе кои се или биле во тесна социјална врска едни со други, односно помеѓу

мажи – жени,

родители – деца се подразбира

истополови животни партнери и животни партнери

Домашното насилство

- по правило се случува во домашнито наводно заштитен простор
- е макотрпен процес кај кој што постојано растат понижувањата и насилните дејствија како и последиците за засегнатите лица
- е циклус, кај кој што наизменично се менуваат фазите на примена на насилство со фази на изјави на каење и ветувања на сторителот дека ќе се подобри
- претежно засега жени и деца
- произлегува значително повеќе од мажи – дури и таму каде што мажи се засегнатите
- не е приватна работа туку јавна!

# Какви форми на домашно насилство постојат?

Различните форми по правило не се извршуваат одделно едни од други туку се комбинирани едни со други. Во суштина често станува збор за извршување моќ и контрола.
Кон формите на домашно насилство спаѓа на пример следното:

**Физичко насилство:**
Овде спаѓа туркање, буткање, удирање, боксирање, клоцање, давење, држење, врзување, горење, фрлање со предмети, влечење по коса, недавање храна, напади со оружје па сé до обиди за одземање на животот и убивање

**Сексуализирано насилство:**
Како сексуализирано насилство се сметаат сите сексуални дејствија кои му се наметнуваат на едно лице или на кои се присилува. Тука спаѓа присилување на сексуални дејствија, сексуално напаствување, силување, сексуални закани, сексуални напади, однесување со друг како да е сексуален објект, сексуално злоставување, сексуално експлоатирање итн.

**Психичко / емоционално насилство**
Овде спаѓаат дејствијata како застрашување, навредување, заканување, предизвикување страв, повторено дерење, систематско молчење, понижување или омаловажување пред други, уништување на предмети со голема лична вредност, префрлање на одговорноста врз жртвата на насилство и обвинување дека е виновно за насилството, закани дека ќе се земат децата итн.

**Економско насилство:**
Овде спаѓа забраната за работа или присилување на работа, одредување на тоа колку пари ќе добие, одбивање да се дадат пари или одземање на пари, контролирање на издатоците, забрана за пристап до контото итн.

**Социјално насилство:**
Се однесува на социјалниот живот и опфаќа дејствија како што се искористување на привилегии, однесување со лице како со слуга, донесување одлуки без засегнатото лице или во негово име, ограничување, надгледување и контролирање на одлуки, забрана да се посетува курс за јазик, забрана за излегување или средби со пријатели или членови на семејството, изјавување дека се луди, затворање итн.

# Акутно домашно насилство – како да се постапи?

**Стокинг (Stalking):**
Стокингот честопати настанува после разделба или кога некој ќе биде одбиен.
Тој опфаќа постојани телефонски повици, СМС-пораки, звучни пораки или е-маил пораки во сите можни времиња во текот на денот или ноќта, љубовни писма / цвеќиња / подароци, порачки на производи во име на засегнатото лице, следење и начекување, лажни обвинувања (на пр. кај работодателот), распиткување во кругот на познаници, нанесување на материјална штета, навреди, клеветење, заканување, присилување итн. Стокинг може да се извршува и во дигитална форма како Сајберстокинг (Cyberstalking) (види под дигитално насилство).

**Дигитално насилство:**
Дигитално насилство значи, со помош на дигитални апарати и медиуми или во дигитален простор (чат-простор, интернет-страници, инстантни пораки, на фејсбук, инстаграм и др.) да бидат понижувани, навредувани, малтретирани или дискриминирани други лица или присилувани да направат нешто, итн.

Доколку сте злоставувани, или некој ви се заканува или ве навредува, одбранете се!

Не чекајте додека да ги трпите понижувањата и повредите!

Според постоечкото искуство, насилството се зголемува секојпат сé повеќе и повеќе.

**Вие не морате да се помирите со насилство!**

**Вие во таква ситуација не сте ни без заштита ни без права!**

Во случај на акутна ситуација на опасност веднаш јавете се

## ВО ПОЛИЦИЈА НА ИТНИОТ БРОЈ 110!

Полицијата постои за ваша заштита и има различни можности да настапи против сторителот. Во Северна Рајна – Вестфалија полицијата против сторител може на пр. да превземе мерки според параграф 34а од Законот за полицијата во Северна Рајна – Вестфалија. Овде спаѓа навреда изречена против сторителот за напуштање на станот и забрана за враќање во станот. Овие мерки се под мотото:

**„СТОРИТЕЛОТ ЗАМИНУВА – ЖРТВАТА ОСТАНУВА!"**

## Наредба за напуштање на станот (Wohnungsverweisung)

За да се заштити животот, здравјето или слободата на едно лице, против сторителот од кој што произлегува некоја моментална опасност може да се донесе наредба за напуштање на станот во кој што живее загрозеното лице, како и за неприоѓање во непосредната околина на лицето.

Ова по правило е потребно за да се прекина циклусот на насилство.

## Забрана за враќање во станот (Rückkehrverbot)

На сторителот може да му се забрани враќањето во станот и непосредната околина на станот начелно за период од десет дена.

Доколку сторителот при пристигнување на полицијата сé уште се наоѓа во станот, секогаш истовремено ќе бидат донесени наредба за напуштање и забрана за враќање во станот.

Доколку сторителот во временскиот момент на донесување на наредбата нема да се најде во станот, против него ќе биде изречена само забрана за враќање во станот.

Полицијата на сторителот му дава можност, веднаш да ги понесе неговите предмети за лична употреба кои итно му се потребни.

Доколку тој за временскиот период во кој што важи забраната за враќање во станот ќе има потреба од понатамошни предмети за лична употреба, сторителот ќе може нив да ги подигне од станот исклучиво во придружба на полицијата.

Во секој случај претходно ќе бидете информирани од страна на полицијата; терминот исто така ќе биде договорен со вас.

## Проверка на придржувањето кон забраната за враќање во станот

Полицијата за ваша заштита сама од себе ќе го провери придржувањето кон забраната за враќање во станот барем еднаш во текот на овие десет дена

За време на овие десет дена вие можете да останете во вашиот стан без некој да ве вознемирува, и во овој период не би требале повторно да го примите сторителот во станот!

## Други можно полициски мерки на одбрана од опасност

Доколку не постојат правни предуслови од параграф 34а од Законот за полицијата во Северна Рајна – Вестфалија, полицијата против сторителот може да превземе други привремени мерки.

Такви мерки може на пр. да се следните:

- Забрана за престој на некое одредено место
- Апсење
- Запленување на клучот од станот

Полицијата секој случај на домашно насилство за кое што дознава го пријавува.

Како засегнато лице Вие од страна на полицијата ќе добиете „Dokumentation über den Einsatz bei Häuslicher Gewalt“ (документација за извршената интервенција во случај на домашно насилство), која што меѓу другото ќе може да Ви послужи како доказно средство во граѓанско-правни постапки.

Дополнително на ова полицијата Ви дава информативен лист Informationen für Opfer häuslicher Gewalt (Информации за жртви на домашно насилство) со објаснувања за полициските дејствија како и за Вашите можности да се заштитите граѓанско-правно, заедно со разни телефонски броеви на постоечки советувалишта.

# Како понатаму?

Во десетте денови во кои важи забраната за враќање во станот, Вие имате можност да ги средите личните и семејните работи.

За оваа цел меѓу другото имате право на видовите помош од советувалиштата и установите за помош кои што се наведени на страниците 24 до 27.

Вие исто така имате можност да поднесете барање за граѓанско-правна заштита според Законот за заштита од насилство (Gewaltschutzgesetz).

Доколку е потребно, полицијата може да ја продолжи наредбата за напуштање на станот или забраната за враќање во станот сé до донесување на судска одлука во врска со Вашето барање.

Барањето можете да го поднесете кај надлежниот Основен суд (Amtsgericht)

- лично или
- преку адвокатка / адвокат.

Од денот на поднесување на барањето почнува нов рок за забраната за за враќање во станот, изречена против сторителот.

Рокот завршува во денот кога ќе е донесена судската одлука, но најдоцна со истек на десетиот ден после завршување на полициски одредената наредба за напуштање на станот или од страна на полицијата донесена забрана за враќање во станот.

# Какви судски можности за заштита постојат?

Како граѓанско-правни можности за заштита меѓу другото во предвид доаѓаат следните можности:

- општи наредби за заштита на личноста
- доделување на заеднички користениот стан
- право за одлучување за местото на престој или ексклузивно старателство за децата
- обуставување или ограничување на правото на контакт со децата
- надокнада на штета и парична надокнада за претрпена болка

Општите наредби за заштита и доделувањето на заеднички користениот стан служат како предострожна заштита од понатамошни насилни дејствија.

При поднесувањето на барањето, Вие морате веродостојно да го прикажете постоењето на домашно насилство.

Тоа можете да го направите на пр. со помош на документот
**„DOKUMENTATION ÜBER DEN POLIZEILICHEN EINSATZ BEI HÄUSLICHER GEWALT"**.
кој што Ви се дава од страна на полицијата.

## Судски наредби за заштита

Според параграф 1 од Законот за заштита од насилство (Gewaltschutzgesetz), Основниот суд може со цел да се спречат понатамошни повреди, да донесе заштитни наредби, доколку Вие од насилникот намерно и противправно сте биле повредувани по телото, здравјето или слободата.

Така на пример судот на сторителот може да му го забрани следново,

- да влезе во Вашиот стан,
- да се приближува до Вашиот стан поблизу од радиус кој ќе биде прецизно одреден,
- да оди на други места на кои што Вие редовно престојувате (на пр. на Вашето работно место или во градинка),
- да воспостави контакт со Вас (лично, по телефон, факс, писмо или е-маил) или
- да иницира „случајни" средби со Вас.

Во зависност од околностите на поединечниот случај, судот може да нареди и други видови мерки, ако тоа е потребно за Ваша заштита.

Наредбите за заштита се донесуваат за одреден ограничен временски период.

Прекршокот на сторителот против наредбите за заштита донесени од судот, се казниви според параграф 4 од Законот за заштита од насилство.

## Препуштање на заеднички користениот стан

Ако Вие сте жртва на повреда врз Вашето тело, Вашето здравје или Вашата слобода, а со сторителот имате трајно заедничко домаќинство, тогаш според параграф 2 од Законот за заштита од насилство Вие кај надлежниот Основен суд можете да поднесете барање за препуштање на заеднички користениот стан.

Дури и кога сторителот ќе Ви запрети со такви повреди, Вие ќе имате право да Ви се препушти Вам заедничкиот стан, ако е тоа потребно за да се спречи „непримерна сила". Такво нешто на пр. е случај, кога е сериозно загрозено доброто на Вашите деца.

Предуслов за правото да Ви се препушти станот е Вие односно Вашата адвокатка / Вашиот адвокат во рок од три месеци после извршеното дело или после заканата, да сте го побарале препуштањето на станот во писмена форма.

## Времетраење на препуштањето на станот

Доколку сторителот е ексклузивниот закупоземач или сопственик на станот, тогаш препуштањето на станот ќе биде најпрво временски онолку ограничено, колку што ќе биде потребно за Вие да сте заштитени.

Максималниот период по правило изнесува шест месеци, но може да биде продолжен.

Доколку Вие со сторителот имате заеднички склучено договор за закупнина на станот или доколку станот е Ваш заеднички имот, судот при давање на рок за препуштање на станот се ориентира според околностите на поединечниот случај.

Сторителот не смее да го спречи ексклузивното користење на станот од Ваша страна, нити да го отежне. Судот покрај ова изричито може да му забрани да даде отказ за станот или да го продаде станот.

## Надокнада на штета и оштета за претрпена болка

Според параграф 823 од Граѓанскиот законик (BGB) Вие против сторителот можете да пријавите право за надокнада на штета, доколку тој намерно или немарно против Вас извршил повреда на Вашиот живот, Вашето тело, Вашето здравје, Вашата слобода, Вашиот имот или противправно повредил некое друго Ваше право.

Покрај тоа при повреди на телото, на здравјето, на слободата или на сексуалната самоопределба Вие според параграф 253 став 2 од Граѓанскиот законик имате право на оштета за претрпена болка.

Овие права можете да ги уважите кај судот преку адвокатка / адвокат.

## Старателство, право за одредување на престојот, право на контакт

Честопати од домашното насилство се засегнати деца кои живеат во домаќинството.
Меѓутоа за деца не важат регулациите од Законот за заштита од насилство. Наместо нив, за детето важат заштитните норми според прописите од правото на децата.

За да ги поштедите Вашите деца од понатамошни насилни доживувања, Вие кај Основниот суд можете да поднесете барање за пренос на правото за старателството или барем на правото за одлучување на престојот на децата, ексклузивно врз Вашата личност.

Притоа се препорачува за помош да ангажирате адвокат иили помош од Службата за малолетници и младинци која е надлежна за Вашето место на живеење. Во случај на ниски приходи покрај тоа кај надлежниот Основен суд можете да побарате парична помош за плаќање на трошоците на постапката.

Дури и ако сте го добиле ексклузивното право на старателство, сепак начелно и таткото на децата има право да контактира со децата.

Доколку меѓу Вас и таткото на децата не може да дојде до спогодба разумно решение, во врска со обемот и извршувањето на правото за контакт ќе одлучи Основниот суд.

# Отселување од станот – каде може да се оди?

Ако Вие не сакате да останете во станот кој што досега сте го користеле заеднички – како и многу други жртви на домашно насилство што не сакаат – и ако не можете да најдете уточиште кај роднини или познаници, постои можноста да заминете во Дом за жени (Frauenhaus).

Во Округот Штајнфурт можете да се обратите кај Домот за жени (Frauenhaus) Rheine. Адресата се држи во тајност, за да се заштитат станарките во овој дом.

**Frauenhaus Rheine, Телефон: 0 59 71 / 1 27 93**

**Телефонот е достапен 24 часа на ден.**

Во телефонскиот разговор веднаш ќе можат да се разјаснат разните важни прашања како на пр., кои документи морате обавезно да ги понесете со Вас при прием.

Домот за жени не е Дом во класична смисла на зборот. Жените кои што живеат таму, самите си го одредуваат животот и секојдневието.

Таму Вие и Вашите деца ќе најдете

- сместување и заштита,
- бесплатно советување како и
- помош и подршка.

Во текот на стручните и индивидуалните советувања Вие меѓу другото ќе бидете информирани во врска со горе наведените правни прашања.

Помошта и подршката е со цел да Ви ги олесни понатамошните животни планови, на пр. при барање на нов стан, друга градинка или друго училиште за Вашите деца.
На следните интернет-страници ќе најдете понатамошни установи за помош и подршка, како и слободни места во разните Домови за жени:

www.frauen-info-netz.de/
www.frauenhauskoordinierung.de/hilfe-bei-gewalt
www.odabs.org/nordrhein-westfalen/liste.html
www.bmfsfj.de/bmfsfj/themen/gleichstellung/frauen-vor-gewalt-schuetzen

# Какви понуди за помош постојат за жени?

## GEWALT GEGEN FRAUEN ТЕЛЕФОН ЗА ПОМОШ ПРИ НАСИЛСТВО ПРОТИВ ЖЕНИ

Телефонот за помош „Gewalt gegen Frauen) односно Насилство против жени дава совети и го има следниот телефонски број

**116 016** како и онлајн на страницата **www.hilfetelefon.de**

за сите видови на насилство – 24 часа и бесплатно.

Советувањето се врши анонимно, доверливо, безбариерно и на 18 јазика, на јазик за глувонеми како и на симплифициран јазик.

По желба може советничките да Ве проследат и до некоја установа за помош во Вашето место на живеење.

Исто и познаници, роднини и стручни сили можат да се обратат кај телефонот за помош „Gewalt gegen Frauen“ односно Насилство против жени.

**116 016**
**Hilfetelefon**
**Gewalt gegen Frauen**
**www.hilfetelefon.de**

# Советувалиште за жени

**Советувалиште за жени со интегрирано стручно советувалиште против сексуално насилство при Ѓаконијата ВесТ рег. здружение Diakonie WestT e.V.**

**Кај нас ќе добиете:**

- информации и објаснувања
- совети
- интервенција во кризи и стабилизација
- придружба при одења на пр. во суд, во полиција или во службата за деца и младинци
- понатамошно проследување кај други групи на професии како на пр. кај терапевти и терапевтки, лекари и лекарки, како и адвокати и адвокатки

Советувањата се вршат доброволно, доверливо, бесплатно, а на Ваша желба и анонимно.
Вие и Вашите деца имате право на живот без насилство!

**Советувалиште за жени**

-Тежиште домашно насилство и насилство од партнер -

Овде ќе добиете совети на пр.

- за сите форми на домашно насилство или насилство во партнерскиот однос
- во врска со општите мерки за заштита од насилство како на пр. за поднесување на барања според Законот за заштита од насилство (Gewaltschutzgesetz), барањето заштита во Дом за жени или при создавање на план за безбедност и план за итни случаеви
- кај процесите за донесување одлуки како на пример при размислувањата за разделба од партнерот
- за изработка на нови перспективи на живот без насилство
- за претстоечки судски расправи или родителски разговори

Münstermauer 3
48431 Rheine
Tel.: 05971 800 73 70
Е-маил: frauenberatungsstelle@diakonie-west.de
Вебстраница: www.diakonie-west.de/hilfe-beratung/hilfe-bei-gewalt-gegen-frauen

**Стручно советувалиште против сексуализирано насилство**

-Тежиште сексуализирано насилство-

Овде ќе добиете советување на пр. во следните случаеви:

- силување / сексуално напаствување или обид за такво насилство
- исто и во случај на доживувања на сексуално насилство дури и да се далеку во минатото
- сексуално напаствување во секојдневието или на работното место
- сексуално злоставување
- кога размислувате да поднесете кривична пријава
- во врска со претстоечки судски расправи

Münsterstr. 48
48431 Rheine
Тел.: 05971 800 92 92
Е-маил: fachberatung-gewalt@diakonie-west.de
Вебстраница: www.diakonie-west.de/hilfe-beratung/hilfe-bei-gewalt-gegen-frauen

next
before

# Понатамошни видови помош за подршка

**Trauma-Ambulanz für Erwachsene (Траума-амбуланта за возрасни лица)**
Помош за жртви
Опфаќа: Советување и давање информации, помош во опходување со преголеми чувства, помош при повторно воспоставување на безбедност и способност за контрола пп.

Trauma-Ambulanz für Erwachsene при UKM – Universitätsklinikum Münster
Тел.: 0251/ 83-51888 oder 0251/83-57815, Е-маил: pppambulanz@ukmuenster.de
web.ukm.de/index.php?id=psychosomatik_traumaambulanz

**Gewaltopferambulanz (Амбуланта за жртви на насилство)**
Небирократска помош за луѓе кои станале жртви на насилство:

- компетентно советување од специјално обучени лекарки / лекари
- документација за повреди кои можат да се употребат на суд
- форензика на доказен материјал и трагови

Со иформациите се однесуваме доверливо. Соработничките и соработниците имаат обврска за чување во тајност. Во случај на потреба (на пр. во случај на подоцнежна судска расправа) врз основа на подигнатите наоди да се надокнадат правно-медицинските извештаи од извршени вештачења за интерпретација на нанесените повреди.

**Gewaltopferambulanz** при Universitätsklinikum Münster (UKM) Institut für Rechtsmedizin
Тел.: 0251 / 83 5 51 60 web.ukm.de/index.php?id=rechtsmedizingewaltopferambulan

**ASS (Анонимна форензика)**
Како жртва на сексуално кривично дело, во следните клиники можете да добиете медицинска помош и исто така таму можете да обезбедите трагови од извршеното дело, анонимно и „погодно за на суд" и истите да бидат документирани:

Болница Marija-Josef – Greven
Zentrale Notaufnahme (Централна итна приемна помош),
Lindenstraße 29, 48268 Greven, Тел.: 02571 / 502-0
Овде нема можности за Анонимна форензика (ASS) – но затоа имате бесплатен превоз со придружба до болницата Franziskus-Hospital, Münster

Klinikum Rheine – Mathias-Spital Rheine
Frauenklinik (Клиника за женски болести), Frankenburgstraße 31, 48431 Rheine, Тел.: 05971 / 42-0
Анонимна форензика може да се направи директно овде

Клиника Ibbenbüren
Große Straße 41, 49477 Ibbenbüren, Тел.: 05451 / 52-0
Овде нема можности за Анонимна форензика, но затоа имате бесплатен превоз со возилото за итна помош до болницата Mathias-Spital во Rheine

# Какви видови помош има за деца?

Честопати и деца и младинци се засегнати од домашно насилство или доживуваат како нивната мајка е злоставувана, понижувана и застрашувана. Тоа за нив може да е трауматично. Честопати тие самите се чувствуваат одговорни и/или имаат чувства на вина.
Деца и младинци кои ќе бидат сведоци на насилство имаат потреба од советување и подршка. Покрај тоа потребна е и професионална помош надвор од семејството. Специјална подршка и советодавни услуги децата и младинците меѓу другото можат да добијат во

**Jugendämter (службите за деца и младинци) на Округот Steinfurt како и кај Deutsches Kinderschutzbund (Германскиот сојуз за заштита на деца) во Rheine.**

Децата и младинците покрај тоа ширум цела Германија можат бесплатно да се јавуваат од фиксен или од мобилен телефон на телефонскиот број за деца и младинци при Германскиот сојуз за заштита на децата

**Deutsches Kinderschutzbund кој што работи нон-стоп.**

**„Nummer gegen Kummer“,**

**Телефон: 08 00 / 1 11 03 33 oder 116111**

Од понеделник до петок таму во временскиот период од 14.00 – 20.00 часот стои на располагање лице за контакт

Овој број ако се бира, нема да се појави на телефонската сметка кај делот во кој се наведуваат поединечните телефонски разговори.

Можни се и советувања кои се вршат онлајн (www.nummergegenkummer.de).

**Trauma-Ambulanz für Kinder und Jugendliche (Амбуланта за трауми кај деца и младинци)**
во UKM Klinik für Kinder und Jugendmedizin
Тел.: 0251/ 83-56440 (секретаријат)
Тел.: 0251/ 83 56418 (станица, 24-часовна пристапност)
Е-маил: sekretariat-czerny@ukmuenster.de
web.ukm.de/index.php?id=11725

# Какви видови помош постојат за момчиња и за мажи?

Советување во криза и при насилство –
мажи се советуваат од мажи

**Вистински мажи зборуваат**

Мажи добиваат совети од мажи

Советувањето при насилство е понуда и за момчиња и за мажи, кои самите станале насилни или имаат страв дека би можеле да станат насилни, и кои сакаат да го променат своето однесување.

Целта на советувањето е превземањето на целосната одговорност за стореното дело – односно целосната одговорност за сопствените постапки. Само на таков начин мажите можат да научат, за колку мака, страв и повреди тие се одговорни.

Таквото за повеќето мажи застрашувачко и засрамувачко сознание е најважниот предуслов за да успеат да излезат од таквиот циклус.

Caritasverband Tecklenburger Land e. V.
Klosterstr. 19
49477 Ibbenbüren
Markus Temmen
Тел.: 0171 3010652
Е-маил: gewaltberatung@caritas-ibbenbueren.de
www.echte-männer-reden.de

**Chance e.V. Работа со сторители Шанса рег. здружение**

Chance e.V. во Округот Штајнфурт нуди советување за сторители / сторителки на насилство. Заеднички се утврдуваат причините за насилното дејствување и се изработуваат алтернативи. Целта на советувањето е да се овозможи еден живот без насилство и меѓусебно однесување без насилство во ситуации на конфликт и на кризи. Се нудат индивиуални советувања на поединци, како и групни советувања. Советувањето се одржува на улица Steinstr. 13 во Steinfurt-Burgsteinfurt.

Lothar Bardenhorst
Тел.: 0251 620 88 25
Мобил: 01515 5985193
Факс: 0251 620 88 49
l.bardenhorst@chance-muenster.de

Peter Runtenberg
Тел.: 0251 620 88 26,
Мобил: 01525 108 26 41
Факс: 0251 620 88 49
p.runtenberg@chance-muenster.de
**www.chance-muenster.de/taeterarbeit.html**

**Понатамошни линкови за помош и советувалишта:**
www.maennerhilfetelefon.de/
www.maennerberatungsnetz.de/beratung/
www.maennergewaltschutz.de/maennerschutz-und-beratung/maennerschutzeinrichtungen/

# Безбедноста има приоритет – што треба да се направи?

Уште при првите знаци на домашно насилство, Вие би требале да мислите на Вашата безбедност и на предостројжните мерки за Ваша заштита и за заштитата на Вашите деца. Вие смеете да одите и да барате заедно со Вашите деца заштита, дури и тогаш кога сторителот е старателот или кога Вашиот статус за престој во земјава зависи од Вашата животна заедница со сторителот.

Направете сé што е потребно, за да се зголеми Вашето лично чувство на безбедност.

- **Не дозволувајте да бидете изолирани,**
  негувајте го контактот со Вашите соседи и замолете ги Вашите познаници и роднини, редовно да Ве посетуваат на кратко!
- **Информирајте ја Вашата куќна лекарка / Вашиот куќен лекар и тие нека ги** атестираат односно потврдат повредите кои сте ги стекнале!
- **Обратете се до Амбулантата за жртви на насилство и таму нека ги документираат** Вашите повреди на начин за да Ви послужат како докази во судот!
- **Меморирајте го бројот за итна помош кај полицијата 110,**
  како и бројот на Ваше лице од доверба во Вашиот телефон и/или мобилен телефон!
- **Напуштете го станот заедно со Вашите деца, доколку очекувате дека може да дојде до** насилство или доколку се чувствувате загрозени!
- **Направете копии од сите документи кои се важни за Вас**
  (погледнете во Списокот на потребни работи на следната страница) и депонирајте ги копиите кај некое Ваше лице од доверба!
- **Обратете се кај некое советувалиште**
  таму ќе добиете совети, помош и подршка

# Отселување од станот – што е потребно?

Доколку го напуштите заедничкиот стан, би требало меѓу другото да ги понесете со Вас подолу наведените документи и предмети; Вашите лични документи во оригинал, а заедничките документи како фотокопии.

**Список на потребни работи:**

✔ Клучевите (на пр. за станот, автомобилот, работното место, фиоки и сефови, ...)

✔ Готовински пари, банкарска документација за конто, ЕЦ-картичка, штедни книшки, ...

✔ Лична карта и легитимациите на децата

✔ Картичките на здравственото осигурување

✔ Изводи на родените и на венчаните

✔ Договор за закупнина, осигурителни договори

✔ Договор за работа, свидетелства, Lohnsteuerkarte (картата за данок на приход), Sozialversicherungsausweis (картата на социјалното осигурување)

✔ Решенија од Arbeitsamt, Sozialamt, Jugendamt, Ausländerbehörde (Службата за вработување, Социјалната служба, Службата за малолетници и младинци, Службата за странци итн.)

✔ Судски решенија, на пр. за заштитни наредби

✔ „Dokumentation über den polizeilichen Einsatz bei häuslicher Gewalt“ („Документацијата за полициската интервенција при домашно насилство“)
(доколку таква постои од поранешни случаеви)

✔ Неопходни медикаменти, лекарски атести

✔ Предмети за лична употреба

✔ Училишни предмети како и играчки за децата

✔ Облека за Вас и за Вашите деца

✔ Документација за уништувања и/или нанесени повреди преку мобилен телеон

next
before

# Какви видови финансиска помош постојат?

Доколку се имате разделено од сторителот после еден случај на домашно насилство, тоа би можело да Ве доведе во ситуација, привремено да зависите од државна финансиска поткрепа. Можни се на пр. видови парична помош според Sozialgesetzbuch II (Социјалниот законик од категоријата II), Законот за аванс на парична издршка (Unterhaltsvorschussgesetz) како и Законот за надоknada на оштета за жртви (Opferentschädigungsgesetz).

## Парична помош според Sozialgesetzbuch II (Социјалниот законик од категорија II)

Доколку Вие за себе и за Вашите деца не можете „неопходната животна издршка“ (notwendiger Lebensunterhalt) да ја финансирате од сопствени приходи, сопствен имот или со помош на други лица, тогаш имате право да добивате Arbeitslosengeld II (парична помош заради невработеност од категорија II) или Sozialgeld (социјална помош).

Поимот „неопходна животна издршка“ ја опфаќа потребата за храна, облека и сместување. Освен тоа под одредени околности и предуслови може да се побараат и еднократни дополнителни видови помо како на пр.:
за покуќнина и за други употребни предмети на секојдневниот живот.

Веднаш откако за Вас биде видлива финансиски тешка ситуација, на пр. заради тоа што ќе отпаднат приходи, Вие би требале неодложно и лично да поднесете барање кај Агенцијата за работа Jobcenter во Вашето место на живеење.
Притоа е потребно да ја докажете Вашата финансиска и имотна ситуација со соодветни документи (погледни во Списокот). Кои други документи Ви се потребни, ќе дознаете во Вашата Агенција за работа Jobcenter.

Ако ги исполнувате предусловите, ќе може да Ви се одобри Arbeitslosengeld II парична помош заради невработеност од категорија II или Sozialgeld социјална помош, од месецот на поднесување на барањето.

next
before

## Парична помош според Законот за аванс на парична издршка (Unterhaltsvorschussgesetz)

Доколку сторителот не ги исполнува неговите обврски за плаќање издршка за заедничките деца кои што живеат кај Вас, Вие според Законот за аванс на парична издршка можете да побарате парична помош за Вашите деца.

Право на парична помош според Законот за аванс на парична издршка имаат сите деца до завршување на осумнаесетата година на животот, кои што живеат кај самохраниот родител.

Барањето можете да го поднесте кај надлежната Служба за малолетници и младинци.

## Парична помош според Законот за надокнада на штета за жртви (Opferentschädigungsgesetz)

Доколку сторителот ви нанел здравствена штета со дело на насилство (намерен, противправен, насилно извршен напад), тогаш начелно имате право за згрижување според Законот за надокнада на штета за жртви.

Ова право исто така го имаат и лица кои што претрпеле здравствена штета бранејќи ве од еден намерен напад насочен против вас.

Тоа можат на пр. да се вашите деца, познаници или соседи кои што сакале да ви помогнат или ви помогнале.

Соодветно барање можете да поднесете кај Покраинскиот сојуз Вестфален-Липе Landschaftsverband Westfalen-Lippe (Versorgungsamt Westfalen), Von-Vincke-Str. 23-25, 48143 Münster.

При поднесувањето на барањето меѓу другото ви помага вашето здравствено осигурување, овластеното лице кај полицијата за заштита на жртви (Opferschutzbeauftragte) или соработниците на здружението Бел прстен Weißer Ring.

# Адреси и телефонски броеви

## (во азбучен ред)

**Основен суд (Amtsgericht) Ibbenbüren**
Телефон: 0 5451 / 92 60
Факс: 0 5451 / 92 61 00
надлежни за градовите и општините
Hörstel, Hopsten, Ibbenbüren, Mettingen, Recke, Saerbeck

**Основен суд (Amtsgericht) Rheine**
Телефон: 0 59 71 / 4 00 50
Факс: 0 59 71 / 40 05 20
надлежни за градовите и општините
Emsdetten, Neuenkirchen, Rheine

**Основен суд (Amtsgericht) Steinfurt**
Телефон: 0 25 51 / 6 60
факс:: 0 25 51 / 6 61 55
надлежни за градовите и општините
Altenberge, Greven, Horstmar, Laer, Metelen, Nordwalde, Ochtrup, Steinfurt, Wettringen

**Основен суд (Amtsgericht) Tecklenburg**
Телефон: 0 54 82 / 6 70
Факс: 0 54 82 / 67 12
надлежни за градовите и општините
Ladbergen, Lengerich, Lienen, Lotte, Tecklenburg, Westerkappeln

**(Служба за социјални работи, здравје и нега) Amt für Soziales, Gesundheit und Pflege при Округот Штајнфурт, Sozialpsychiatrischer Dienst (социјално-психијатриска служба)**
Служба Steinfurt
Телефон: 0 2551 / 69 28 30
Служба Tecklenburg
Телефон: 0 2551 / 69 35 60
0 2551 / 69 35 70
Служба Rheine
Телефон: 0 2551 / 69 40 27
0 2551 / 69 40 25

**Anonyme Spurensicherung ASS (Анонимна форензичка дијагностика)**
Universitätsklinikum Münster
Institut für Rechtsmedizin (Институт за правна медицина)
Röntgenstr. 23
48149 Münster
Телефон: 0 251 / 835 51 51

Болница Maria-Josef Hospital Гревен
Централна служба за примање на итни случаеви
Lindenstr. 29
48268 Greven
Телефон: 02571 / 50 20

Klinikum Rheine, болница Mathias Spital Rheine
Frauenklinik (Клиника за женски болести)
Frankenburgstr. 31
48431 Rheine
Телефон: 05971 / 420

Клиника Klinikum Ibbenbüren
Große Str. 41
49477 Ibbenbüren
Телефон: 05451 / 520

**Германскиот Црвен Крст Ärztliche Kinderschutzambulanz des Deutschen Roten Kreuzes (Лекарска амбуланта за заштита на деца при)**
Melchersstr. 55
48149 Münster
Телефон: 0251 / 41 85 40
Факс: 0251 / 41 85 426

**Понуда за советување за момчиња и мажи при Здружението на Каритасеs Cariasverband Текленбургер Ланд рег. здружение Tecklenburger Land e. V.**
Klosterstr. 19
49477 Ibbenbüren
Телефон: 0171 / 301 06 52

**Советувалиште за родители, младинци и деца при Здружението на Каритас Caritasverband**
Bachstr. 15
48282 **Emsdetten**
Телефон: 0 25 72 / 157 39

Kirchstr. 5
48268 **Greven**
Телефон: 0 25 72 / 157 39
Klosterstr. 19
49477 **Ibbenbüren**
Телефон: 0 54 51 / 50 02 23

Lingener Str. 13
48429 **Rheine**
Телефон: 0 59 71 / 86 20

**Diakonisches Werk Советувалиште за родители, деца и младинци при Ѓаконската служба**
Stettiner Str. 25
49525 **Lengerich**
Телефон: 0 54 81 / 305 42 40
Факс: 0 54 81 / 305 42 41

Wasserstr. 32
48565 **Steinfurt**
Телефон: 0 25 51 / 8637-0
Факс: 0 25 51 / 8637-111

**Советување во случај на разделба и развод**

**За градовите и општините Ladbergen, Saerbeck, Hörstel, Hopsten, Recke, Mettingen:**
**Kreisel e.V. (Крајзел рег. здружение)**
Schulstr. 11a, 49477 Ibbenbüren
Телефон: 02572 / 882 60

**За градовите и општините Westerkappeln, Lotte, Tecklenburg, Lengerich, Lienen:**
Beratungszentrum Diakonie Советодавен центар Ѓаконија
Stettiner Str. 25, 49525 Lengerich
Телефон: 05481 / 305 42 66

**За градовите и општините Altenberge, Nordwalde, Steinfurt-Borghorst und Steinfurt-Borghorst:**
Caritasverband Здружение на Каритас Steinfurt
Kirchplatz 8, 48565 Steinfurt
Телефон: 02552 / 702 4914

**За градовите и општините Ochtrup, Steinfurt-Burgsteinfurt, Metelen, Horstmar, Laer:**
Caritasverband Steinfurt
Kirchplatz 8, 48565 Steinfurt
Телефон: 02552 / 702 4914

**За градовите и општините Wettringen, Neuenkirchen, Rheine:**
Caritasverband Rheine
Lingener Str. 11, 48429 Rheine
Телефон: 05971 / 8 62 13 15

**За градот Emsdetten:**
Caritasverband Emsdetten-Greven
Bachstr. 15, 48282 Emsdetten
Телефон: 02572 / 157-0

Kreisel e.V. (Крајзел рег. здружение)
Friedrichstr. 1-2, 48282 Emsdetten
Телефон: 02572 / 882 60

**За градот Greven:**
Caritasverband Emsdetten-Greven
Kirchstr. 5, 48268 Greven
Телефон: 02571 / 800 90

**За градот Ibbenbüren:**
Caritasverband Ibbenbüren
Klosterstr. 19, 49477 Ibbenbüren
Телефон: 0 54 51 / 500 20

**Deutscher Kinderschutzbund (Германски сојуз за заштита на деца)**
An der Stadtmauer 9, 48431 Rheine
Телефон: 0 59 71 / 91 43 90
Факс: 0 59 71 / 91 439 33

**Ehe-, Familien- und Lebensberatungsstelle im Bistum Münster (Советувалиште за брак, семејство и живот во Архиепископијата Münster)**
48282 Emsdetten, Kirchstr. 18
Телефон: 02572 / 9419019

48268 Greven, Münsterstr. 35
Телефон: 02571 / 98 65 81

49477 Ibbenbüren, Klosterstr. 19
Телефон: 0 54 51 / 5002 53

48565 Steinfurt, Europaring 1
Телефон: 0 25 51 / 86 44 46

48429 Rheine, Herrenschreiberstr. 17
Телефон: 0 59 71 / 9 68 90

**Diakonie WesT e.V. Советувалиште за жени со интегрирано стручно советувалиште против сексуализирано насилие на Ѓаконијата ВесТ рег. здружение**
Советувалиште за жени
Münstermauer 3
48431 Rheine
Телефон: 0 59 71 / 800 73 70
frauenberatungsstelle@diakonie-west.de

Стручно советувалиште против сексуализирано насилство
Münsterstr. 48
48431 Rheine
Телефон: 05971 / 800 92 92
fachberatung-gewalt@diakonie-west.de

**Frauenhaus Rheine (Дом за жени)**
Телефон: 05971 / 1 27 93
(прием 24 часа на ден, термини за советување со претходен телефонски договор)

**Gewaltopferambulanz (Амбуланта за жртви на насилство)**
UKM – Universitätsklinikum Münster,
Röntgenstraße 23
48149 Münster
Телефон: 0251 / 83 5 51 51

**„Gewalt gegen Frauen" Телефонска помош за жени жртви на насилство**
Телефон: 116 016 и онлајн на страницата
www.hilfetelefon.de

**„Gewalt an Männern" Телефонска помош за мажи жртви на насилство**
Телефон: 0800 1 239 900 и онлајн на страницата
www.maennerhilfetelefon.de

**Агенција за работа (Jobcenter)**
Ве молиме обратете ѝ се на Агенцијата за работа на градската односно општинската управа во Вашето место на живеење

**Jugendamt (Служба за малолетници и младинци) Emsdetten**
Am Markt 1
48282 Emsdetten
Телефон: 02572 / 92 23 16

**Jugendamt (Служба за малолетници и младинци) Greven**
Rathausstr. 21
48268 Greven
Телефон: 02571 / 92 00

**Jugendamt (Служба за малолетници и младинци) Ibbenbüren**
Alte Münsterstr. 16
49477 Ibbenbüren
Телефон: 05451 / 93 15 29
05451 / 93 16 25

**Jugendamt (Служба за малолетници и младинци) Rheine**
Klosterstr. 14
48431 Rheine
Телефон: 05971 / 93 95 11

**Jugendamt (Служба за малолетници и младинци) Steinfurt Службен пункт Steinfurt**
Tecklenburger Str. 10
48565 Steinfurt
Телефон: 02551 / 69 23 05

**Jugendamt (Служба за малолетници и младинци) Steinfurt Службен пункт Tecklenburg**
Landrat-Schultz-Str. 1
49545 Tecklenburg
Телефон: 02551 / 69 32 22

**Nummer gegen Kummer (Број при тага и мака)**
Телефон за деца и младинци
Телефон: 116 111
Телефон за родители
Телефон: 0800 / 11 105 50

**Овластено лице за заштита на жртви при Окружната полициска служба Steinfurt**
Hansaallee 10
48429 Rheine
Телефон: 05971 / 9 38 59 14
05971 / 9 38 59 17

next
before

**Chance e. V. Здружение за работа со сторители**
Steinstr. 13
48565 Steinfurt
Телефон: 0251 / 620 8825
0251 / 620 8826

**Trauma-Ambulanz für Erwachsene (Траума-амбуланта за возрасни жртви на психолошки трауми)**
UKM – Universitätsklinikum Münster
Domagkstraße 22
48149 Münster
Телефон: 0251 / 83 – 5 18 88
0251 / 83 – 5 78 15

**Weißer Ring e. V.**
Здружение за подршка на жртви од криминал и за заштита од кривични дела) Служба Steinfurt
Телефон: 0151 / 55 16 48 26
juergenroscher@web.de

**Wohnhaus für Frauen**
Дом за живеење за жени во итни ситуации (Дом за жени при Социјалната служба Католички жени Ibbenbüren рег. здружение Sozialdienst Katholischer Frauen Ibbenbüren e.V.)
49477 Ibbenbüren
Телефон: 05451 / 9 68 60
info@skf-ibbenbueren.de
(за жени од Ibbenbüren и околина)

# Понатамошни телефонски броеви

| Име/адреса | Телефонски | забелешки |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

# 24-часовна помош

Полициски
**итен број 110**

Frauenhaus Rheine Скровиште и Дом за жени
**0 59 71 / 1 27 93**

**„Gewalt gegen Frauen“**
Телефон за помош при домашно насилство
**116 016**
**www.hilfetelefon.de**

Состојба: декември 2022 · © Уредување: concept-design, Emsdetten

next
before